# ИСПРАВКА

**на јавен повик за учество на 38. седница на Собранието на Стопанска банка а.д. Битола објавен на ден 4. 4. 2016 година, во дневен весник „Дневник“ бр. 6031**

Врз основа на член 48 и 49 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола НО бр.02-2482/I-2 од 26. 3. 2015 година (пречистен текст) и Одлуката на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола НО бр. 02-5494/1/II.1-1 од 31. 3. 2016 година, Стопанска банка а.д. Битола, на ден 4. 4. 2016 година, во дневниот весник „Дневник“, со број 6031, страница 4, објави јавен повик за учество на 38. седница на Собранието на Стопанска банка а.д. Битола.

Во согласност со измената на член 387 став (5) од Законот за измена и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Р.М.“ бр. 61 од 31. 3. 2016 година), кој закон стапи во сила на денот на неговото објавување во „Службен весник на Р.М.“ односно на ден 31. 3. 2016 година, Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола на својата 8. седница одржана на ден 4. 4. 2016 година, донесе Одлука за измена на Одлуката за свикување на 38. седница на Годишно собрание на акционерите на Стопанска банка а.д. Битола, НО бр.02-5744/1/I-1.

Врз основа на донесената Одлука на Надзорниот одбор, Стопанска банка а.д. Битола врши исправка на јавниот повик објавен во дневниот весник „Дневник“ број 6031, страница 4, па во јавниот повик за учество на 38. седница на Собранието на Стопанска банка а.д. Битола треба да стои: **„38. седница на Собранието на Стопанска банка а.д. Битола ќе се одржи во Битола, на ден 11. 5. 2016 година (среда) со почеток во 12:00 часот, во просториите на хотел „Капри“ – Битола, со следниот:“.**

Во останатиот дел горенаведениот јавен повик останува неизменет и за ден на објава на јавниот повик се смета 4. 4. 2016 година.

Оваа исправка е составен дел од јавниот повик.

**Стопанска банка а.д. Битола**